**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

УП. бр________

Врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр.145/2010), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известувањето за планирано доделување на помош и известувањето за доделување на планирана државна помош за регионален развој на ВАН ХООЛ Македонија ДООЕЛ Скопје бр.03-1432/1 од 20.06.2012 година поднесено од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија застапувана и претставувана од страна на Директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија Висар Фида, а во име на Владата на Република Македонија на седница одржана на 09.07.2012 година, го донесе следното

**Решение**

1. Мерката XXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXX- основање на ново претпријатие за производство на моторни возила и создавање на нови работни места поврзани со инвестицијата, содржана во Известувањето за планирано доделување на помош и известувањето за доделување на планирана државна помош за регионален развој на корисник на ("ТИРЗ") "Скопје 2" - ВАН ХООЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште Ул. Алберт Ајнштајн бр.4-1, општина Центар, 1000 Скопје, Р. Македонија бр.03-1432/1, поднесено од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија застапувана и претставувана од страна на Директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на република Македонија Висар Фида, а во име на Владата на Република Македонија,претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено**;
2. **Мерката** содржана во Известувањето за доделување на планирана државна помош за регионален развој на корисник на("ТИРЗ") "Скопје 2"-ВАН ХООЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште Ул.Алберт Ајнштајн бр. 4-1, општина Центар, 1000 Скопје, Р. Македонија бр. 03-1432/1, поднесено од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија застапувана и претставувана од страна на Директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на република Македонија Висар Фида **и тоа**:
    - **Ослободување од плаќање на данок на добивка за период од** XXX**години од започнување на вршење на дејноста во зоната,**
    - **Ослободување од плаќање на персонален данок на доход на примања по основ на платите на вработените лица за период од** XXX **години, од започнување на вршење на дејноста во**

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**зоната,односно од првиот месец во кој втората договорена страна ќе изврши исплата на плата,**

- **Ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на увоз на добра во зоната, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно да не се наменети за крајна потрошувачка,**
- **Царински ослободувања и олеснувања,**
- **Ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште кое корисникот на зоната го има земено под долготраен закуп,**
- **Ослободување од обврска корисникот на зоната да гради засолниште при градба на објекти во зоната, како и од плаќање на придонес за изградба, одржување и опремување на засолништето,**
- **Изземање од обврска за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по одредувањето на царински дозволените активности или употребата на стоката,**
- **Грант од** XXXXXXXXXXXXX **евра во МКД противвредност за покривање на трошоците за изградба на градежен објект и,**
- **Помош за одобрените трошоци за обука и усовршување во максимална висина до** XXXXXXXXX **евра во МКД противвредност.**

претставуваат доделување на регионална помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко индустриски развојни зони, без обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлуката бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобрила Законот за технолошко индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко-индустриските развојни зони основани од Владата на РМ.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, поднесено од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија застапувана и претставувана од страна на Директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија Висар Фида, а во име на Владата на Република Македонија како давател на државна помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави известување за планирано доделување на помош како и известување за доделување на планирана државна помош за регионален развој на (“ТИРЗ”) “Скопје 2”- ВАН ХООЛ Македонија ДООЕЛ Скопје бр. 03-1432/1 од 20.06.2012 година во понатамошен текст (во понатамошниот текст: известувања), со прилог правните акти врз основа на кои се доделува помошта- Заколучок по точката 4 од 46-тата заторена седница на Владата на Република Македонија , одржана на 16.06.2012 година и Договор за доделување на државна помош

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на компанијата Ван Хоол Македонија ДООЕЛ корисник во Технолошко – индустриската развојна зона "Скопје 2" ( во понатамошен текст :Договор).

Со оглед на фактот дека поднесените известувања ги содржат сите потребни податоци потребни за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/2010), како ден на прием на уредно известувањето се смета 25.06.2012 година.

Комисијата за заштита на конкуренција ( во понатамошниот текст: КЗК) во законски предвидениот рок го испита доставените известување и прилог копијата од правните акти врз основа на кои се доделува помошта- Заколучок по точката 4 од 46-тата заторена седница на Владата на Република Македонија , оддржана на 16.06.2012 година и Договорот кон него и ја утврди следната фактичка состојба:

1. **Давател на државната помош е:** Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија;

2. **Корисник на државната помош е**: Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Алберт Ајншајн бр. 4-1, општина Центар, 1000 Скопје, Р. Македонија

3. **Правен основ за доделување на државната помош** претставува Заклучокот по точката 4 од 46-тата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.06.2012 и Договорот за доделување на државна помош на корисник во Технолошко-индустриската развојна зона "Скопје 2" кој во име на Владата на Република Македонија како давател на државна помош ќе го склучи Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија со Ван Хоол ДООЕЛ Скопје, како корисник на помошта.

4. Помошта која Владата на Република Македонија планира да ја додели на Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Скопје, **е наменета за подржување на реализација на инвестицискиот проект во производство на моторни возила и создавање на нови работни места поврзани со инвестицијата,** па оттука истата претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став(1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош.**

5. Мерката - XXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXXX претставува регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што **доделувањето на истата е дозволено.**

   При оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта КЗК утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата

за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош ( “Службен весник на Република Македонија” бр.81/2003 и 118/2009), ( Во понатамошен текст: Уредба)

Оттука во член 4 од Уредбата се утврдени максималните вредности на интензитетот на помошта и тоа до 50% од бруто грант еквивалент од оправданите инвестициони трошоци или од трошоците за плата за ново отворените работни места за период од две години.

Во известувањето и во договорот за доделување на државна помош на корисник во Индустриска зона “ТИРЗ- Скопје 2” е наведено дека оправданите инвестициони трошоци ќе бидат земени како основа за одредување на интензитетот на државната помош. Оправданите инвестициски трошоци за реализација на инвестицискиот проект на Ван Хоол Македонија ДООЕЛ, Скопје изнесуваат најмалку XXXXXXXXXXXXевра (XXXXXXXXXXXXXX) во период од XXXXгодини од датата на почетокот. Исто така, во известувањето е наведено дека времетраењето на индивидуалната државна помош изнесува XXXXгодини или се додека не се постигнат XXXX од вкупните инвестициски трошоци почнувајќи од 1 јануари 2013 година или на подоцнежната дата на која компанијата корисник на државната помош ќе достигне XXXXXX вработени.

Исто така, во член 5 од Уредбата е утврдено дека регионалната помош определена со Уредбата не може да се кумулира со друга државна помош во поглед на истите оправдани трошоци, доколку таквото кумулирање би резултирало со интензитет на помошта што ја надминува максималната вредност утврдена со оваа уредба.

Воедно, во поглед на кумулацијата, во известувањето е наведено дека корисникот на државна помош “Ван Хоол Македонија” ДООЕЛ Скопје ја добива од изворот за финансирање на помошта, т.е. Буџетот на Владата на Р. Македонија во согласност со член 5 од Уредбата.

Од горенаведеното произлегува дека помошта која Владата на Република Македонија ќе ја додели на “Ван Хоол Македонија “ДООЕЛ Скопје во облик на XXXXXXXXXXXXXX, наменета за поддржување на реализацијата на инвестицискиот проект за производство на моторни возила е **дозволена,** бидејќи истата е планирано да се доделува во согласност со Уредбата.

Мерките - **ослободување од плаќање на данок на добивка за период од** XXX **години од започнување на вршење на дејност во зоната**, **ослободување од плаќање на персонален данок на доход на примања по основ на плати на вработените лица за период од** XX**години, од започнување на вршење на дејност во зоната, односно од првиот месец во кој втората договорена страна ќе изврши исплата на плата**, **ослободување од плаќање на данок на додадена**

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**вредност на увозот на добра во зоната,под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно да не се наменети за крајна потрошувачка, царински ослободувања и олеснувања; ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште кое корисникот на зоната го има земено под долготраен закуп, ослободување од обврска корисникот на зоната да гради засолниште при градба на објекти во зоната, како и од плаќање за придонес за изградба, одржување и опремување на засолништето,изземање од обврска за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по одредувањето на царински дозволените активности или употреба на стоката,грант од** XXXXXXX **евра во МКД противвредност за покривање на трошоците за изградба на градежен објект и помош за одобрените трошоци за обука и усовршување во максимална висина од** XXXXXXXXX**евра во МКД противвредност**. претставуваат регионална помош која се доделува преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко индустриски развојни зони за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на КЗК, со оглед на фактот дека со Одлуката донесена од страна на КЗК бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, КЗК веќе го одобрила Законот за технолошко индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко-индустриските развојни зони основани од Владата на РМ.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Претседател**

**Благој Чурлинов**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk